РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање на мислење во однос на тоа дали избран член на совет на Општина, може да продолжи со анализа на даночната политика на 17 општини, вклучително и на Општината каде е избран, што е предмет на авторски договор кој го има склучено со невладина организација.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси „службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено".

Во член 36 од Законот за локалната самоуправа се утврдени надлежностите на советот на општината и од истите произлегува дека советот на општината нема никаква надлежност во областа на даночната политика.

Од наведеното произлегува дека не постојат законски пречки за лицето да продолжи со работа по склучениот авторски договор со наведената невладина организација.

Дополнително, како член на советот на општината, треба да ја има во предвид обврската од член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно која ако дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, должен е веднаш да побара да биде изземен и да запре со своето постапување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**